**Д-р Владимир МИЛИЌ**

**Правен факултет, Белград**

# МАКС ВЕБЕР: ТВОРЕШТВОТО КАКО БОРБА МЕЃУ ДУХОВНИТЕ БОГОВИ

Како и кај сите големи социолози - татковци на оваа научна дисциплина и кај Вебер содржината на општественото време ќе биде рамка но и најважна инспирација за целокупното творештво. Целокупниот правец на творештвото, основните поими, па и методската страна на истражувањето ќе бидат условени со општиот дух на епохата. Тоа е изразено кај Конт, Диркем, Спенсер итн. Меѓутоа, кај Вебер овој момент задобил израз на вистинска драма бидејќи "боговите на епохата", како што тој гледал на духот на времето, се наоѓале во непомирлива борба. Самите богови биле исклучително моќни: граѓанскиот етос и социјалистичката револуција која надоаѓала, францускиот позитивизам и германскиот романтизам. Имајќи голема моќ боговите биле исклучиви, така што борбата била непоштедна, а во неа се раѓало нешто големо што дотогаш не постоело. Токму поради големината и творештвото што ги носела во себе, борбата секако налагала определби кон кои богови е добро да се приклониме, за да може воопшто да се биде интелектуално плодоносен, како што истакнувал и самиот Вебер. Тоа божествено определување било како човечко (политичко), така и научно (творечко). Вебер не го крие својот избор, како што не остава ни сомневање во научната ориентација која што произлегла од тоа. Тоа делумно може да се види и од темите на неговите дела. Тука сепак треба да се внимава, бидејќи тешката болест и краткиот живот го оневозможиле не само да ги доврши своите трудови, така што многу негови дела светлината на денот ја здогледале како авторски незавршени студии, што му оневозможило тематски јасно да го наслови својот научен опус. Сето тоа се гледа од делата кои своерачно ги потпишал. Во текот на животот го објавил трудот "Односите меѓу земјоделците во источната Германска провинција Елба" 1894 година, а во списанието кое што го раководел "Архив за општествената наука и социјалната политика" во продолженија: "Протестантската етика и духот на капитализмот" во 1905 година, односно "Политиката како позив" пред крајот на животот во 1917 година. По неговата смрт се

објавени: "Студии од социологијата на религијата" 1920-1921 година. "Собрани политички трудови" 1921, како и "Стопанство и општество" во 1922 година. "Протестантската етика и духот на капитализмот" ќе биде публикувана на англиски и тоа по заслуга на Т. Парсонс дури 1930 година, како и "Теорија на социјалната и економската организација" од 1947 година.[1]

Вкупното Веберово "божествено" определување, далеку подобро може да се види од неговото интелектуално формирање кое започнало во времето на владеењето на Бизмарк во Германија (1862 - 1890). Тоа е она време кое што го означува создавањето на државата и нацијата, односно решавањето на класното прашање и засилувањето на стремежот кон империјализмот. Германија доцнела со своето обединување еден цел век зад водечките Европски земји, а кога тоа го сторила, како што вели Х. Плеснер, таа била застарена како земја и млада и недозреана како нација![2] Во неа, со оглед на обединувањето кое што е извршено преку војни, водечката улога ја играла Прусија па оттаму произлегува милитаризмот, кој останал трајна Германска карактеристика. Освен тоа, во Германија била преовладувачка феудалната, "јункерска" структура, а граѓанското општество било во повој. Затоа, како што се вели во студијата на Барнс, граѓанската класа двапати била спречена да ја освои власта: 1848 и 1871.[3]

Меѓутоа, индустријализацијата сепак брзо се развивала под покровителството на милитаристичката држава и во добар дел за нејзините потреби, така што јакнеле, како буржоазијата, така и работништвото кое поради силното влијание на Маркс и Енгелс а и на радикалната Германска емиграција, било борбено и организирано. "Пролетерската опасност" била причина обединувањето на буржоазијата и јункерите да биде поважно. Но, решавачката сила на спротивставување на револуционерните стремежи на работништвото дошла од сосема друга страна. Бизмарковите политички и социјални реформи направиле работништвото во еден свој дел да биде пацифицирано, а во прилог на тоа "одела" и партиската политика на најголемата работничка организација под водството на Бернстајн.

Меѓутоа, наведеното време не било обележано само со својот класен набој, туку и со силни национални страсти. Задоцнетото национално обединување создало своевиден комплекс на Германија кон

---

1 H. BARNES (Ed.): "Uvod u istoriju sociologije", Beograd, 1982.

2 L. COSER: "Masters of Sociological Thought", New York, 1971.

3 Наведено под 1.

водечките земји на Европа кој, особено после падот на Бизмарк и неговото зацврстување на положбата на Германија во Европа, резултирал со единствена империјална нападност и агресивност, односно во особини кои што од Германија ќе направат еден од главните виновници за Првата светска војна.

Идеолошко-политичките турболенции на општеството во кое што живеел, М. Вебер го ставале пред избор. Но, тоа не било единственото искушение пред кое тој стоел. Токму во почетоците на неговото интелектуално созревање, доаѓа до израз острата спротивност меѓу две значајни божества: позитивизмот и романтизмот. Нималку случајно, наведените божества имале свои простори на владеење и свои поданици. Во Франција владеел позитивизмот, а во Германија, сосема спротивно, романтизмот: првиот е фиданка на рационализмот, а вториот е ластар на ирационализмот. Романтизмот, наспроти позитивизмот, се спротивставува на разумот како водечка истанца и го истакнува значењето на дејствениот субјект, инстинктите, сеќавањата: темните страни и бездни на човечката душа. Романтизмот особено го подвлекува значењето на волјата како креатор на човековиот свет.

Романтизмот го отфрла концептот на цивилизација што го создал позитивизмот и го прифаќа поимот на културата, како нешто што е адекватен израз на желбите, стремежите, волјата! Тоа истовремено е во склад со отфрлањето на објективните закони на цивилизацијата, бидејќи културите се субјективни и посебни творби на ирационалните состојби. Филозофијата на животот, што се развива од тоа, смета дека егзистенцијата е најстариот прафеномен на специфичната волја, акумулирана сила што е делумно од биолошка а делумно од општествено-културна природа. Од спомнатите идеи се развива историзмот како интелектуален правец што се занимава со неповторливата историја и култура на општеството![4]

За романтизмот е посебно значаен Ф. Ниче кој ја создава тезата дека волјата е творештво. Меѓутоа, Ниче е исто така творец на тврдењето дека волјата-творештвото исчезнува со појавата на граѓанското општество. Според Ниче овој тип на општество го создава медиокритетскиот буржуј кој е само "технички инструмент" на заработувањето односно во граѓанското општество сè станува предмет на продавање и купување. Со буржоаскиот човек умира човекот творец а бидејќи граѓанското општество ја укина религијата и бога, како апсолутен творец и олицетворување на волјата, поразот на човекот

---

[4] A. GOULDNER: "Za sociologiju", Zagreb, 1980.

е комплетен. Следејки ги неговите стапки О. Шпенглер токму во тоа ќе ја види неминовната пропаст на Западот! За разлика од Шпенглер, Ниче не ја гледа неминовноста на пропаста на западното општество, туку укажува на спасението коешто лежи во повторното раѓање на човекот творец-надчовек со нескротлива градителска волја, на кој ќе му вдахне душа германската романтична култура![5]

Вебер стоеше наспроти сите предизвици но, не за долго. Предизвиците беа големи, а тој иташе да ги стаса. Не само што беше принуден, туку и сакаше да ги искаже своите стојалишта кон борбата на боговите. Тие стојалишта се транспарентни, директни. Во една изјава тој дословно кажува:"Јас сум припадник на буржоаската класа, се чувствувам таков и воспитан сум со нејзините погледи и идеали"[6] Веберовата идеолошко-политичка определба сосема кореспондира со изборот што се врзува за интелектуалните богови. Меѓутоа, овој последен избор е покомпликуван бидејќи во него тој ќе ја покаже својата наклоност и кон позитивизмот и кон романтизмот. Изборот на граѓанската класа рационално е определен бидејќи Вебер е свесен за својата положба и за класната социјализација. Во тој поглед тој е рационалист со либерална ориентација. Но изборот на Вебер е и вредносно врамен што значи дека Вебер ги споделува идеалите и волјата на граѓанската класа! Токму овој однос меѓу рационализмот и романтизмот го води Вебер до своевидно распетие, како што смета А. Гулднер кој впечатливо истакнува: "Посакувал драмата да ја напише класицист а да ја изведуваат романтичари".[7]

И покрај Веберовото "служење" како на рационализмот, така и на романтизмот, рационализмот дошол до израз во ангажманот од теориско-практична природа. Вебер е еден од основачите на "Здружението за социјална политика" зад кое стоела струјата која се нарекувала "катедар социјалисти". Изразот "катедар социјалисти" бил навредлив бидејќи доаѓал од конзервативците но, останал за секогаш и со тој израз различните научници кои што припаѓале на оваа група влегле во историјата на науката. Префиксот "социјалисти" научниците на оваа струја го заслужиле со тоа што биле сложни околу фактот дека на либералниот капитализам му недостасува поразвиена социјална политика, посебно ако се има во вид растот на работништвото и сè поголемото влијание во општеството. Припадниците на оваа научна група,

---

5 F. NIETZCHE: "Werke", Munchen, 1969.

6 VOJIN MILIĆ: "Prilozi istoriji sociologije", Sarajevo, 1989.

7 Наведено под 4..

исто така, биле убедени дека заради наведените причини е неопходно да се изврши социјална реформа во германското општество. Името "катедарски" повеќе се однесувал на мирните реформи коишто требало да бидат изведени преку државата и секакво воздржување од учество во класните борби на страната на работништвото. Ј. Шумпетер со право предупредува дека Германската бирократска управа ги добивала главните предлози за државните акции, односно реформи од научниците коишто припаѓале на овој круг и на наведеното здружение.[8] Уште посилен зафат во сферата на општествените реформи настапил во 1860 година, кога, во рамките на катедар социјалистите почнала дејноста на новата историска школа за економија.

Внатре во "катедар социјалистите" во основа постоеле две струи: конзервативната струја на чело со А. Вагнер и Г. Смолер и либералната струја која ја предводел Л. Фон Брентано. На иницијатива на помладите претставници на втората струја во Ејзенах во 1872 година било основано Здружението за социјална политика кое што, како што кажавме, имало задача со своите проучувања да овозможи подлога за социјални реформи. Како дваесетгодишник Вебер земал учество во ова здружение и ѝ припаѓал на либералната струја што своите уверувања ги засновувала врз основа на Англиските искуства и „тредјунионите", за разлика од конзервативната струја чиј пример бил во Пруската држава и патерналистичкиот однос кон работниците. Многу брзо Вебер ја добил и важната функција да раководи со изработката на проектот "Нацрт за социјалната економија". Тој истовремено ја изработил и студијата за професиите и крупната индустрија во Германското општество.[9]

Врз основа на дејноста на наведеното здружение е покренато и списание: "Архив за општествена наука и социјална политика" ("Archiv fur Socialwissenshaft und Sozialpolitik"), кое што го уредувал Вебер заедно со В. Зомбарт и Ј. Џоф. Уредувањето на списанието му послужило на Вебер да им се приближи на ревизионистите во работничкото движење а особено на Бернштајн кому му доверувал страници од списанието, а не на Кауцки, Хилдердинг и Луксембург![10] Токму ова го покажува фактот дека неговото идеолошко - политичко определување и изборот на граѓанската класа воспоставува јасни граници, како на интелектуалното така и на научното творештво!

---

[8] J. ŠUMPETER: "Kapitalizam, socijalizam i demokratija", Beograd, 1960.

[9] E. BAUMGARTEN: "Max Weber: Werk und Person", Tubingen, 1964.

[10] Исто.

Значењето на Веберовиот ангажман е практично бидејќи тој тежнее, како и кај сите припадници на кругот, кон реформите, но видливо е и научното значење, бидејќи тој, низ споменатите истражувања, ги поставува основите за подоцнежното најзначајно дело што е недовршено "Стопанство и општество". Врз оваа основа се создавале и социолошките погледи според кои Вебер е и основач на социологијата, односно врз основата на комбинацијата на класицизмот и романтизмот го дал нејзиниот јасен предмет во вид на општество како мрежа на волја и рационално однесување и метод како сплет на разбирања на волјата и емпириските докази!

Самиот Вебер не ја признавал со задоволство наведената комбинација на рационализам и романтизам и се трудел, секогаш кога имал прилика за тоа, да направи разлика меѓу овие две стојалишта. Оваа разлика најмногу дошла до израз во Веберовото строго раздвојување на рационалните и вредносните судови. Врз основа на тоа дошло и до толкувањето дека Вебер строго ги раздвојувал своите научни од идеолошко-политичките уверувања. Во врска со тоа, во толкувањето на Веберовото творештво се јавиле сосема спротивни ставови. Едните сметаат дека е исправно строго да се раздвојат неговите научни од политичките убедувања како што тоа го прави Г. Рот и дека тие не треба да бидат ниту заменувани, ниту едното да му се претпостави на другото.[11] Наспроти тоа се другите научници кои мислат дека тое е неразделиво па дури дека неговата вредносна вера ја определува научната дејност. Така, В. Момсен вели дека Вебер имал трагедија да биде роден повеќе за политичар отколку за научник, односно дека "неговите интересирања секогаш ја одредувале неговата активност."[12] Многу слично заклучува и Војин Милиќ кога вели дека Вебер секогаш го нагласувал значењето на вредностите или практичните определувања за научниот труд. Милиќ продолжува дека Вебер поради исклучително кршливото здравје не можел да биде политичар, за што имал голема желба. Меѓутоа, тој ја продолжил „политичката кариера" во ликот на научник бидејќи сакал идејно да ја просветлува својата класа, да ја предупредува и подучува што треба да прави за да опстане на бурната сцена на историјата. Очигледно е дека класното определување на Вебер било решавачко за неговата научна работа. Сепак, вели Милиќ, тоа не значело дека тој едноставно тежнеел кон романтизмот. Наспроти тоа, тој го критикувал

---

[11] R. BENDIX, G. ROTH: "Scholarship and Partisanship. Essays on Max Weber", Berkeley, 1971.
[12] W. MOMSEN: "Max Weber: und die deutche politik 1890-1920", Tubingen, 1959.

секој сентиментализам и традиционализам бидејќи мислел дека капитализмот како вид рационално општество е неизбежен во историскиот исход.[13]

Кога се има во вид споменатото, дотолку е полесно да се сфати дека во добар дел опусот на Вебер е подреден на рационалниот поглед врз граѓанското општество и вредносното определување кон него. Но, токму поради тоа, неговото дело е условено со кризата на граѓанското општество во вистинската смисла на зборот. Токму за тоа говори Т. Парсонс, водечки Американски социолог и ученик на М. Вебер: "Највисоката точка на зрелост - вели Т. Парсонс - на Вебер, во значаен вид се поклопила со големата криза на нашето столетие, кризата на општествениот и политичкиот поредок на западниот свет, којашто се јавила, како внатре во тој свет, така и во односот кон останатиот свет а реално се претворила во Прва светска војна. Педесет години подоцна, совршено уверени, можеме да кажеме дека таа криза значеше крај на определена ера"[14] Во кризата во која се нашол М. Вебер, неоспорно е дека се "кршеле" времињата и се вршеле прераснувања на еден облик на граѓанското општество во друг, од либерален капитализам во монополистички капитализам, од стабилитет на тоа општество во сурова војна и распаѓање, па не зачудува оценката на А. Мекинтер дека: "Вебер ја претставува големата криза на либералниот дух"[15]

Меѓутоа, не станува збор само за поклопување на делото на Вебер со кризата на граѓанското општество, како што не се работи само за кризата на либералниот дух, туку суштината е во тоа дека неговиот научен опус, во најголема мера, ја изразувал кризата на граѓанското општество а особено социологијата што ја втемелил и која за него била наука за таа криза! За тоа А. Блум го заклучува токму следното:"Неговата наука е формулирана како несигурен предизвик на сеопштиот хаос"[16] Во понатамошната експликација Блум доаѓа до уште подрагоцена дијагноза во којашто јасно покажува дека општествената криза ги обликува неговите категории и нивната содржина. Имено, Блум заклучува:"Каква и да е вистинската вредност на Веберовата анализа и категориите, тие ја изразувале неговата визија на кризите на дваесеттиот век"[17]

---

[13] Наведено под 6.

[14] T. PARSONS: "Essays on Sociological Theory", New York, 1949.

[15] MACINTYRE: "Beyond Max Weber", New Statesman, No 32, 1961, str. 181.

[16] A. BLUM: "Sumrak američkog uma", Beograd, 1990, str. 235-236.

[17] Исто, стр 237.

Во соочувањето со "класниот проблем и кризата на граѓанското општество" Вебер се сретнал со марксизмот а таа средба не можело никако да се заобиколи. Во право е Милиќ кога истакнува дека ако Тард и Диркем во Франција можеле да го занемарат Маркс, во Германија тоа не можело да се случи бидејќи Маркс, во оваа земја, имал друга тежина! Во Германија сите позначајни научници се занимавале со барањето одговори на она што Маркс го поставил како прашање. Освен тоа, Вебер кон марксизмот не се однесувал како овој да припаѓа кон историјата, туку, како кон активен идеен чинител кој дотолку е позначаен бидејќи станал и официјална програма на социјалната демократска партија![18]

Постојат различни мислења за тоа во каков интелектуален однос стојат двајцата големи научници кои се движат од тоа дека Вебер, како што тоа го тврди Е. Трелч, бил под траен и длабок впечаток од творештвото на К. Маркс, до оние гледишта, кои ги застапува Ф. Тенис, дека Марксовото влијание врз делото на Вебер не било пресудно, односно Г. Рот дека воопшто не постоело директно Марксово идејно влијание врз Вебер, туку само индиректно и преку други автори. И едното и другото мислење за односот на Вебер кон Маркс се дадени во широк распон прикажувајќи го Вебер како интелектуален зависник од Маркс или како негов опонент и алтернатива. Како пример за првиот вид погледи карактеристични се мислењата на Парсонс кој истакнувал дека Вебер во анализата на капитализмот се држи до Маркс во целина, односно на К. Маер кој повторно сметал дека Вебер целиот живот бил под сенката на Маркс. Како пример за спротивниот вид гледања на истото нешто може да се цитира ставот на К. Браунројтер во кој буквално се вели: "Антимарксизмот бил вистинската професија на Вебер".[19] Заради последнава оцена Вебер го добил името "буржоаски К. Маркс", заради што, во својата докторска теза: "Аграрната историја на Рим" Вебер тврдел дека раногерманските парцели се израз на егалитаризмот кој најдобро се изразувал во Германскиот дух![20]

За својот однос кон Маркс, Вебер и самиот го изразил своето мислење. Еднаш тоа го направил индиректно за што зборува Баумгартен. Во февруари 1918 година Вебер бил повикан да зборува за најпопуларната книга на О. Спенглер: "Пропаста на Западот". Во текот на своето излагање Спенглер небрежно се однесувал кон Ниче и Маркс и

---

[18] Наведено под 6.

[19] R. NISBET: "The Sociological Tradition", New York, 1966.

[20] Наведено под 11.

дури ги исмејувал. До тогаш мирниот Вебер добил збор и експлодирал во своето искажување. Со остри зборови му се обратил на Спенглер: "Вашите предвидувања во споредба со Марксовите предвидувања се лишени од секаква научна вредност. Тоа се предвидувања од оној вид како кога јас би погледнал низ прозорот и би рекол дека сега свети сонцето но, можете да бидете сигурни дека во овој прекрасен ден ќе има и дожд".[21] Очигледно е дека Вебер високо го уважува делото на Маркс наспроти книгата на Спенглер и тоа го искажува на најдобар можен начин.

Меѓутоа, Вебер својот однос кон Маркс ќе го искаже во уште понепосреден вид. Само две недели пред својата смрт Вебер ќе го остави следното сведоштво во кое ќе ја одреди мерата на Марксовото влијание, не само врз своето творештво, туку и на креациите на другите научници. "Денес чесноста на научникот, а посебно на филозофот, може да се мери со неговиот став кон Ниче и Маркс. Секој оној кој мисли дека би можел да заврши важни делови од својот труд без придонесот на овие двајца, се лаже себе си и другите. Нашиот интелектуален свет главно го вообличиле Маркс и Ниче"[22]

Постои однос кон марксизмот во сите дела на Вебер, уште од докторската дисертација па се до најважниот и незавршен опус, "Стопанство и општество" но, овој однос најмногу дошол до израз во делото: "Протестантската етика и духот на капитализмот" кое тој го замислил како дополнување, но и спротивставување на Маркс. Наместо делувањето на објективните закони или институциите на економијата, Вебер се интересира за духовните обрасци кои придонесуваат за појавата на капитализмот. Со тоа тој не сакал во потполност да го оспори дејствувањето на економијата, туку, да утврди дека капитализмот не е просто плод на дејствувањето на економската стихија, ами, организиран систем заснован на етичко-религиозните норми-вредности. Вебер тврди дека протестантизмот, како посебна вера, влијаел на појавувањето на капитализмот, бидејќи инсистирал на посветувањето на секој поединец на трудот. Тоа повторно довело не само до култот кон трудот туку и кон штедењето која е длабока одлика на системот на стекнување. Економската мотивација е изведена од религиозно-етичката мотивација и е во втор план. Трудот како да произлегува од мотивите за спасение, особено што протестантизмот за него бил доктрина за рационалното завладување со светот, за разлика од, да речеме, другите

---

[21] Наведено под 9, стр. 554.
[22] Исто.

религии, како што е конфучионизмот кој е доктрина на рационалното прилагодување на светот![23] Со тоа Вебер истовремено го потврдил својот основен социолошки постулат дека за настанувањето на некоја појава е важно човечкото однесување или мотивот којшто е во "луѓето", а не "надвор" од нив, односно, сметал дека придвижувач на човечките акции е волјата а не делувањето на структури и суперструктури како што тоа, по негово мислење, го чини марксизмот! Меѓутоа, кај Вебер анализата на религијата нема само функционална смисла, туку длабоко суштинско значење, односно таа останува оска на неговата социологија, како што истакнува Милиќ. Испитувањето на религијата служи да се истакнат, во прв план, вредносните ориентации кои го придвижуваат светот! Се што работел Вебер, пред и после тоа, се однесувало токму на таа тема. Неговите необјавени дела од социологијата на религијата но и оние за политиката, се само понатамошни објаснувања за значењата кои волевите состојби ги имаат за обликувањето на општествениот живот. Не баш попатно, но секако јасно користејќи го концептот на улогата на религијата во општествениот живот, Вебер ја докажува неостварливоста на општествената еднаквост. Имено, се смета дека тој само низ етничноста на религијата го втемелува братството и еднаквоста меѓу луѓето, додека рационалниот капитализам без религија а поради тоа и социјализмот, се потполна спротивност на тоа![24]

Во соочувањето со марксизмот се случувало и конкретното обликување на Веберовите научни идеи. Една од основните била онаа за идеалните типови, односно Вебер сметал дека Маркс и ја формулирал својата теорија како идеално типски модел на човековата историја. Вебер отишол и чекор натаму и тврдел дека "Сите специфични марксистички "закони" и конструкции - доколку теориски се исправни - имаат идеално типски карактер"[25] Меѓутоа, познато е какво значење имаат идеалните типови за целокупното Веберово творештво. Тие се поаѓалиште и централен поим за објаснувањето на целиот метод на општественото проучување. Идеалните типови за Вебер се апстрактни конструкции кои содржат суштински особини на некоја појава и служат за анализа на стварноста. Како што во човечкото однесување Вебер ја наоѓал темелната причина на сите општествени творби, односно во значењета кои што луѓето им го придаваат на своите однесувања, така и типологијата на основните однесувања била изложена во прочуената класификација на целно-ра-

[23] MAX Veber: "Protestanska etika i duh kapitalizma", Sarajevo, 1968.

[24] Наведено под 6.

[25] MAX WEBER: "GesemelteAuftsaze zur Wissenshaftslerhe", Tibungen, 1922.

ционално, вредносно, традиционално и афективно однесување. Од овие облици се изведени експликациите и конкретизациите на другите типови однесувања, како што се оние кои се однесуваат на општествената моќ, стопанството, културата, религијата итн.

Меѓутоа, Л. Колети мисли дека покрај очигледното Марксово влијание на Веберовото сфаќање за идеалните типови токму во тој поглед постои и голема разлика во нивните гледишта. Имено, Колети вели дека Вебер ги конструирал идеалните типови не од богатството на емпиријата туку врз основа на хипостазирањето на едно чинителско обележје. Освен тоа, Колети истакнува дека Веберовото сфаќање на идеалните типови е и формализирано, односно "испразнето" од историјата. Наспроти Марксовите апстракции кои се функционални во однос на стварноста, односно играат реална улога во човековиот живот, Веберовите идеални типови имаат разбирачка, општа смисла. Понатаму тоа значи дека Веберовите идеални типови се изразено субјективни а тоа води кон заклучокот дека вистинските производи на човековата дејност се само ментални состојби. Од тоа гледиште, да речеме, парите и капиталот не се одредуваат според нивната употреба туку според мислењето што тие значат.[26]

Марксизмот и Марксовото учење извршиле големо влијание за заснивањето на Веберовите идеални типови во целина а најмногу во објаснувањето на класната природа на општествениот систем, капитализмот. Слободно може да се рече дека "класниот" проблем, кој што го изразувал и најважниот аспект на општествената криза и состојка на Веберовото дело, го условил создавањето на најважните идеални типови во социологијата. Уште повеќе што во Германија во времето на Вебер можеби подраматично од каде и да е, јасно се издвојувале две класи кои безмалку станувале типски феномени а нивниот однос парадигма на сите типизирани човечки однесувања. Вебер го објаснувал капитализмот од гледиште на целно-рационалното однесување, кое се развива врз стопанството како фундамент, со слободниот пазар и со парламентарниот систем, кој што соодветствува на стопански натпревар. Меѓутоа, капитализмот води кон создавање на класи, како кон своја опачина, кои меѓусебно водат борба до истребување, кое што не е целнорационално однесување, туку, ирационално или вредносно однесување. Општествените класи на Вебер му послужиле да дојде до гледиште за општественото значење на рационалните и ирационалните однесувања од каде што следеле серија понатамошни толкувања!

---

[26] L. COLLETI: "Ideologija i društvo", Zagreb, 1982.

Острата спротивставеност на рационалните и ирационалните однесувања заснована врз класната поделба постои во стварноста а само добива свој типски израз, сега му овозможило на Вебер да постави прашање за натамошното движење на капитализмот и неговата перспектива. Тој укажал на главниот тек на развојот на капитализмот кој го означувал неговото движење кон јакнењето на бирократската управа, кон сѐ поголемото користење на нечовечкиот фактор (нешта) и кон се помалото присвојување на човечкиот фактор - работната сила. За него ваквиот развој е упатен бидејќи наместо несигурната и "разнишана" формална слобода на претприемачите и работниците која што вовела борба и неизвесност меѓу класите, бирократската управа ја означила законската сигурност и класната соработка. Бидејќи традиционалната економија не можела да се обнови во современите услови, според Веберовото толкување, основната сигурност и класната соработка можела да ја овозможи само модерната економија од бирократски тип. Милиќ со чудење констатира дека во анализата на капитализмот Вебер не го согледал развојот на монополниот капитализам кој бил на дело уште во неговото време. Меѓутоа, Веберовиот одговор не е даден во марксистички, туку во сопствен "дух" а проблемите ги изразувал преку формулацијата за бирократскиот капитализам како идеално-типска конструкција![27]

Развојот на капитализмот, кого Вебер го видел во настанувањето на бирократскиот систем, не го восхитувал баш премногу. Напротив, во таквиот развој тој ја видел и едната од главните опасности за онаа суштина на поредокот за која што посакувал да опстане, меѓутоа не му било дадено - либералниот капитализам. Причината за ваквата желба лежи во фактот дека Вебер сметал, како што истакнува А. Блум дека: "Калкулативниот ум ќе заврши во сувопарно управување на нештата, без срце и душа, лишени од вредноста за создавање и одржување на заедницата". Според мислењето на Блум, Вебер тогаш се соочил со многу мрачна перспектива на капитализмот.[28] Многу слично заклучува и А. Геде и смета дека иако Вебер мислел дека нагласениот парламентаризам може да биде коректив на бирократското управување, сепак тоа била второстепена идеја во однос на онаа која означувала дека либерализмот е мртов од фаталноста на растот на рационализацијата на таа власт и од бирократијата која од неа произлегува и која "им дава печат на современиот период и на предвидувањето на иднината".[29]

---

[27] Наведено под 6.

[28] Наведено под 16, стр. 136.

[29] A. GEDE: "Filozofia krizisa", Moskva, str. 345.

Меѓутоа, Вебер не го возбудувало само бирократското "чудовиште". Поголема опасност се гледала во вториот "крак", во "класниот проблем" - организираното работништво кое тежнеело кон социјализмот кој што пак за Вебер бил возможен само во облик на државен, бирократски тип. Како што со право истакнува Милиќ, Вебер сметал дека, за разлика од капитализмот кој води сметка за добивка, социјализмот исклучува секаква калкулација и профит и тежнее кон задоволување на потребите. Таа карактеристика дотолку е понагласена бидејќи социјализмот има алтруистичка смисла која дополнително ги чини непотребни индивидуалниот мотив и калкулативната способност. Освен тоа, социјализмот, како централизирано стопанство, бара силна планска управа, а тоа уште повеќе ја развива бирократијата која е "јадро за управување со масите". Дека социјализмот бил неприфатлив за Вебер покажува и следниот став по кој капитализмот иако ја развива бирократијата може да ја контролира со стопански и парламентарни средства, додека социјализмот не е во состојба заради отсуство на секаква конкуренција, па обратно бирократијата ги контролира и управува со работниците![30]

Не навлегувајќи во точноста или неточноста на Веберовата интерпретација на марксизмот повеќе од очигледно е дека "класното прашање" кое што е "срцето" на оваа теорија претставувало инспирација за решавање на општествената криза. Тоа решение повторно е најдено во конструкцијата на идеалните типови. Имено, Вебер разликува традиционален, бирократски и харизматски авторитет, односно власт или тип на личност. На владеачкиот бирократски тип на личност, заради доминантноста на бирократскиот капитализам и социјализам, единствено е можно да им се спротивставите со харизматскиот авторитет (личност). На безличносто рутинерство Вебер му го спротивставува творештвото! На ова место пробива Веберовото тежнение со научни анализи да и помогне на својата класа и да го реши она што, по негово мислење, претставува главен проблем на општествениот развој. Меѓутоа, во градењето на идеалните типови на авторитетите и разрешувањето на судбината на општественото движење Вебер конечно доаѓа до вистинската драма која ја поставила борбата на "боговите".

Во засновањето на харизматскиот авторитет, Вебер се потпрел на романтизмот и најмногу на сфаќањата на Ф. Ниче. Овој филозоф, како што веќе е укажано, ја прогласил кризата на Западот и за неа го

---

[30] Наведено под 6.

обвинил победничкото просветителство кое што меѓутоа ги "убило" и "Човекот" и "Бог". "Човекот" дотолку што граѓанското општество, како што веќе навестивме, со својата сметка ги создало медиокритетите, "буржоаскот човек", кој тежнее само да стекнува, а не да создава. "Бог" е "мртов", бидејќи рационализмот ја уништува врховната креација која "Бог" ја има а ја симболизира човекот. Меѓутоа, со смртта на човекот и на бога е изгубена и способноста за разликувањето на доброто и злото, значи вредностите кои му се неопходни на човекот да би бил човек. Повторното враќање на вредностите и творештвото не се наоѓа во цивилизацијата, туку во културата која не е производ на разумот туку на ирационалните вдахновенија. Таа не е вистината, таа е самиот живот. Од неа може да произлезе само вреднување и создавање. Но, најважната идеја е дека вредностите и создавањето кое е на нив засновано го придвижуваат светот, тие ги чинат делата. Во делата стои волјата, посакувањето што ја проектира иднината. Иднината не постои однапред, таа мора да се посакува.[31] Тие особини на вдахновеност, желба, творештво ги поседува харизматската личност, авторитетот!

За харизматскиот тип на авторитет и личност Вебер имал и конкретен пример - Калвин кој дејствува, создава и ја изведува историската религија како општествена акција. Тој е водач во вистинска смисла. Меѓутоа, во теорискиот клуч Вебер стои пред друго значајно прашање што се однесува на оценката на улогата на харизматската личност (авторитет) во развитокот на општеството. А. Блум, пак, смета дека Вебер следејќи го Ниче утврдил: "Режимите засновани на традиција го беа исцрпиле својот импулс, беа на пат да изумрат. Оние засновани на рационалноста едноставно станувале систем на управа за "последниот човек", оној апсолутно неприфатлив негативен пол. Единственото решение за политиката на Запад да и се вдахне живот беше да се заигра на картата на некој облик на харизматско водство. Севкупниот потфат се темелеше на уверувањето дека Ниче е во право кога тврди дека последниот човек е истовремено и најлошиот можен човек или воопштено дека неговата разорна критика на разумот била во ред... Според Вебер, современата ситуација бара радикална терапија и харизматскиот водач е вистинскиот рецепт."[32]

Спомнатиот Блум мисли дека со нагласувањето на улогата на харизматскиот водач во кризата на капитализмот Вебер одел во пресрет на ставот на Ниче кој бил против демократијата, дотолку повеќе, бидејќи

---

[31] Наведено под 5.

[32] Наведено под 16, стр. 235 - 236.

за Ниче демократијата била само просечност, нетворештво. Ниче ја барал натпросечноста, надчовекот. Блум мисли дека Вебер во потполност го споделувал ваквото мислење на Ниче. Понатаму, споменатиот автор истакнува дека поради овој став Вебер бил прифатен од фашистите и нацистите! Меѓутоа, постојат и поинакви толкувања, какво што е она на К. Јасперс, дека Вебер мислел на плебисцитарно избран водач, значи таков што е легално поставен во рамките на демократијата. Тоа мислење го споделуваат и К. Левит и Ј. Вилкеман![33]

Едно е секако неоспорно, со воведувањето на харизматскиот тип на авторитет, Вебер го признал и ирационалниот момент на општествениот живот, што според него, игра клучна улога во разбирањето а и решавањето на "класниот" проблем. Тоа на Вебер и не му било така туѓо ако се има во вид дека тој ја усвојувал и "филозофијата на животот" на германските романтичари, покрај учењето на Ниче. Ирационалноста на општествениот живот му ја даваат вредностите, а тие пак најдлабоко допираат до "класниот" проблем. За тоа Вебер изрично вели: "Не постои такво средство што би го отстранило социјалистичкото убедување и социјалистичките надежи. Во секоја смисла работниците секогаш повторно стануваат социјалисти."[34] Доколку е тоа така, сосема е нормално дека оној што сака ефикасно да се спротивстави на спомнатите вредности мора да го стори тоа повикувајќи се на спротивни вредносни определувања. Тоа не само што сосема ја објаснува позицијата на Вебер како "класно свесен буржуј", туку и улогата на харизматската личност. Тоа е авторитет кој се темели на вредности и како што општествената стварност е инаку во добар дел ирационална-вредносна, најдобро е да биде уредена по принцип на харизматското водство. Освен тоа, овој тип на водство е способен да ја отстрани општествената криза бидејќи творецот, ја поседува волјата и силата на управувањето. Веќе на ова место Вебер покажува дека зад ирационалниот општествен живот лежи вредносната борба на боговите која што бара јасен избор. Вебер го врши тој избор низ харизматскиот тип на авторитет.

Меѓутоа, "класниот проблем" не бил единствен што имал влијание врз создавањето на иделните типови на личности, а посебно на харизматскиот тип, ниту ова бил единствен проблем во кој се криела борбата на боговите. Едното и другото се длабоко втемелени и во "националниот проблем".За Вебер овој проблем е отворен откако Германците се обединиле, во времето на неговата рана младост. Но, тоа бил само

---

[33] Наведено под 9.

[34] MAX WEBER: "Gesamelte Aufstaze zur Sociologie und Social Politic", Tubingen, 1924.

почеток на решавањето на проблемот бидејќи, според класификацијата што Вебер ја изнесол во делото: "Помеѓу два закони", каде што стриктно ги дели нациите на "големи" и "мали", сметајќи ја својата нација за голема нација, "големите" нации имаат посебни права и средства во конечното разрешување на својот "национален проблем". Самата поделба на споменатите нации, што е и произволна, не би заслужувала поголемо внимание доколку во склопот на таа поделба Вебер не би сметал дека големите нации имаат легитимно право на моќ, односно своевидно насилство. Тоа се изведува од различната одговорност на споменатите нации за светската историја. "Големите нации" ја создаваат историјата, а тоа можат да го спроведуваат со сите средства. Тие се во меѓусебни војни, а тоа уште повеќе ги легитимизира нивните средства за принуда. Токму на ова место, но во врска со "националниот проблем" Вебер повторно ќе ја осознае потребата за харизматско водство. В. Милиќ убаво забележува: "Ако големиот народ мора да се претвори во логор, тогаш е најдобро со него да господарат "цезари". Нему му се чинело дека тоа е неизбежна судбина на демократијата во поголема држава."[35]

Европските прилики како да му даваа за право на Вебер, бидејќи речиси целиот 19-ти век бил обележан со војните на Германците и Французите, кои што биле големи нации на тоа време. Тие нации, исто така, биле предводени од големи харизматски личности како што се, на пример, Наполеон и Бизмарк. Но, Веберовиот став не е изведен само од овие примери. Тој, напротив, бил повеќе одреден со постојано растечките опасности пред кои што стоела нацијата во започната светска војна. Во тие опасни времиња за нацијата Вебер се залагал за харизматски водач кој може да ги отстрани сите неволји, иако е свесен дека повеќе нема харизматска личност од таков ков каков што бил Бизмарк. Но, Вебер ја повикува харизматската личност која ќе дојде подоцна, кога Вебер повеќе нема да биде меѓу живите и за чие доаѓање не е заслужен!

Потполната експликација на улогата на харизматскиот водач во создавањето на националното единство дадена е во делото: "Политиката како позив", во кое Вебер предупредува дека харизматската личност мора да користи средства, дури и оние аморалните, за да се оствари одредена политика. Тој индиректно говори и за зачувувањето на националната моќ што е неопходна во тешките и мрачни времиња кои што ги предвидува. А бурата навистина е на повидок, што на Германија ќе и донесе како најголеми воени подеми, но и најголеми

[35] Наведено под 6 стр. 153.

понижувања по изгубената војна. Во поетската метафора во која што има многу вистина, Вебер горко заклучува: "Пред нас не е расцутено лето, туку поларна ноќ, полна со студена темница и острина, без оглед која страна ќе ја однесе победата."[36]

Конечно, борбата меѓу боговите кои се олицетворени во капитализмот и социјализмот и која што доведува до поларната зима што не нуди никаква перспектива, е како што рековме, основа за толкување на творештвото на Вебер. Но, неговото дело не може исклучиво да се обајснува ниту со боговите, ниту со борбата што тие ја водат меѓусебно. Постојат и боговите на културата кои можеби и позначајно ги објаснуваат Веберовите научни дилеми. Тие богови истовремено го вообличуваат неговото разликување на науката и вредностите, рационалното и ирационалното. Веќе истакнувавме а познато е дека тој барал да се прави строга разлика меѓу науката и вредностите. Тоа е најјасно изразено во ставот каде што Вебер вели: "Наполно се согласувам со професорот Зомбарт во тоа дека, ќе им направиме само услуга како на науката така и на практичната волја ако јасно ги разграничиме двете сфери."[37]

Со ова разграничување Вебер не само што сакал да ја заштити науката од влијанието на ирационалноста, туку и обратно, настојувал да ја спречи интервенцијата на науката во вредносната супстанца. Науката за него е немоќна во вршењето на вредносните избори. Вебер јасно кажува: "Како се замислува по себе можноста на "научниот" избор меѓу вредностите на Германската и Француската култура -тоа јас не го знам. Тоа е истовремено спор на боговите и спорот е вечен. А со тие богови управува судбината, а никако науката."[38] По повод ваквиот став на Вебер, М. Селер веднаш изјавил: "Се согласувам со Вебер дека науката нема значење за погледот на светот."[39] Според Вебер, науката, не само што не може да врши избор на вредности, туку и не може посериозно да влијае на правецот на човековиот живот. Вебер е појасен во таа смисла кога вели: "По Ничеовата критика на "последните луѓе" кои ја "измислиле среќата", наивниот оптимизам на науката може потполно да се остави настрана, односно ставот дека техниката на водењето на животот што се заснова на науката треба да се слави како пат кон среќата. Кој уште верува во тоа, освен некои големи деца на катедрите и во уредништвата."[40]

---

[36] Исто, стр. 142.

[37] Наведено под 12 стр. 544.

[38] Наведено под 6 стр. 153.

[39] M. SCHELER: "Schriften zur Sociologie und Weltnschaunglere", Leipzig, 1923.

[40] M. Veber: "Metodologija društvenih nauka", Zagreb, str. 268.

На ова место, во Веберовите ставови се пробива филозофијата на животот и толкувањето дека животот е постар од сите други творби, а со самото тоа и поважен. Ако науката не го проектира човековиот живот, што може тогаш таа да стори за него? Веберовиот одговор е едноставен: да даде технички решенија за животот. За идејните решенија служат вредностите, затоа што тие се самиот живот. Меѓутоа, останува големиот проблем, како да се изберат вредностите во животот кога има различни видови вредности. Во тој одговор на Вебер е збиено сето негово творештво, а посебно улогата на харизматскиот водач. Вебер вели: "Ако повторно се сетите на Толстој и ако се запрашате "што треба да правиме и како треба да го уредиме нашиот живот" или со сликовитиот јазик со кој што се служевме вечерва: "на кој од скараните богови треба да му служиме и, ако е тоа некој друг бог кој е тој" - тогаш треба да ви се каже дека тоа може да го сторат пророци или спасители".[41] На ова место Блум го дава својот краток коментар и бидејќи смета дека тврдењето за пророците се однесува пред се на политиката, тогаш тоа може единствено да значи дека: "Пророкот станува чист тип на државник".[42]

Вебер со тоа доаѓа до својата омилена и трауматична тема за пророците. За таа тема бил и лично заинтересиран. Милиќ со право истакнува дека Вебер сакал да биде "класен" пророк, односно дека имал тајни политички амбиции. Но, поради разновидните животни, а во однос на политиката неповолни околности, а пред се поради слабото здравје, наместо на политичката и се посветил на универзитетската кариера. Меѓутоа, незадоволената желба останала. Страстите, стремежите и волјите, биле Веберовата инхибиција и незадоволениот сон. Бидејќи не можел да го задоволи сонот за несовладливиот стремеж за креација во политиката, Вебер тоа го сторил во науката. Покрај рационалноста, во неа вовел и други теми и профетската улога на научникот. Впрочем, и неговата ќерка Маријана Вебер говори дека и лично се стремел кон профетизмот. Таа вели: "дека Вебер во ликовите на староеврејските пророци, особено Еремија, внел многу од личните црти".[43]

Конечно, Вебер само што не го изрекол и следниот став, дека, пророците се оние што се одликуваат со најголемо творештво, бидејќи ја проповедаат иднината што е истовремено и максимално божестве-

---

[41] Наведено под 6 стр. 186.

[42] Наведено под 16 стр. 233.

[43] MARIANNE WEBER: "Max Weber. Ein Lebensbild", Tubingen, 1968, str. 639.

на креација, како што се и харизматските личности на кои им е доверено да ги водат луѓето по историските патеки. Нималку случајно, сето она позначајно што го создал Вебер, се наоѓа, во јадрото на учењето за улогата и смислата на пророкот. Се што и припаѓа на новата оригинална, интелектуална и општествено-научна мисла настанало во полето на Веберовото разбирање на постоењето на повеќе богови и нивната борба. Тоа го условило и неговото творештво како своевидна комбинација на разни божества, а пред се, спојот на рационалниот и ирационалниот бог. Изборот што го вршел Вебе́р бил премногу личен и се однесувал на неговиот профетски комплекс. Меѓутоа, токму поради спомнатата комбинација Веберовото дело било многу влијателно. За неговото творештво важи истото она тврдење што за своето дело го искажал Г. Зимел, ако е тестаментарно гласи дека Зимеловото творештво е бланко меница за идните научници, врз основа на која секоја од нив може да зема, според своја волја, сѐ што му одговара. Да можел Вебер веднаш би го потпишал тоа.[44]

Превод:
Д-р Антоанела Петковска
М-р Константин Миноски

[44] K. WOLF (Ed.): "Georg Simmel 1858 - 1920", Columbus, Ohio, 1958.